www.krivapalanka.gov.mk

# П Р О Г Р А М А

## За уредување на сообраќајна сигнализација за 2025 на подрачјето на

## Општина Крива Паланка

**КРИВА ПАЛАНКА**

**2024 ГОДИНА**

Врз основа на член 22 став (1), точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 52 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21, 253/23 и 224/24) и членот 14 став (1) точка 9 од Статутот на општина Крива Паланка (Службен гласник на општина Крива Паланка бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на општина Крива Паланка на Седницата одржана на 06.12. 2024 година донесе

# П Р О Г Р А М А

## за уредување на сообраќајна сигнализација за 2025 на подрачјето на Општина Крива Паланка

### I. Цел на програмата се состои во три дела и тоа:

- Изработка на техничка документација- основни сообраќајни проекти за траен и времен режим на сообраќај
- Превземање на активности за одржување во функционална состојба на хоризонталната и вертикалната сообраќајна сигнализација,
- изведба на нова хоризонтална и вертикална сообраќајна синализација заради безбедно и непречено одвивање на сообраќајот на подрачјето на Општина Крива Паланка.

### II. Предмет на програмата

Предмет на оваа програма е изработка на соодветна сообраќајно техничка документација за режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка, одрживање на постоечката хоризонтална и вертикална сигнализација и поставување на нова сообраќајна сигнализација согласно одобрена сообраќајно техничка документација .

### III. Обем на активности

Оваа програма опфаќа проектирање, одржување и поставување на нова хоризонтална и вертикална сигнализација на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка.

#### 1. Проектирање

Под проектирање се подразбира изработка на нова сообраќајно техничка документација , како и измена и дополнување на постоечка сообраќајно техничка документација за утвдување на режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка. Приоритет за проектирање ќе имаат оние локални патишта и улици за кои во моментот ќе се јави потреба од поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација.

#### 2. Изведба

Под изведба се подразбира поставување на нова сообраќајна сигнализација и тоа:

- поставување на нова хоризонтална и вертикална сигнализација согласно одобрена сообраќајно техничка документација за утврдување на режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка

**3. Одржување**

Под одржување се подразбира превземање на сите активности со кои постоечката хоризонтална и вертикална сигнализација за регулирање на сообраќајот континуирано ќе се одржува во исправна и функционална состојба и тоа:

- одржување на постоечка хоризонтална сигнализација,
- одржување на постоечка вертикална сигнализација,

-Означување и боење на постоечки патеки и јавни површини (пешачко-ролерска патека во кеј на Крива Река, пешачка патека висока зона-лев брег и др.), боење и означување на рабници на делови од ул. Св.„Јоаким Осоговски“

**4. Финансирање на програмата**

Оваа програма ќе се финансира со сретства предвидени во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година.

1. За реализација на точка 1 од оваа програма, односно за изработка на нова сообраќајно техничка докуметација и измена и дополнување на постоечка сообраќајно техничка документација потребни се сретства во износ од 5**00.000,00** ден со ДДВ**.**

2. За реализација на точка 2 од оваа програма, изведба на нова хоризонтална и вертикална сигнализација, потребни се сретства во износ од **1.000.000,00** ден со ДДВ.

3**.** За реализација на точка 3 од оваа програма, одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација, потребни се сретства во износ од **1.500.000,00** ден со ДДВ.

Вкупно потребните сретства за реализација на програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2025 година на подрачјето на Општина Крива Паланка изнесуваат **3.000.000,00 ден со ДДВ.**

**5. Надзор**

Надзор над извршување на програмата ќе врши Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура, преку надзорен орган со кој општината има договор за вршење на надзор.

**АКЦИСКИ ПЛАН**

**Оперативна, родово сензитивмна буџетска програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2025 година на Општина Крива Паланка**

| **Буџетска програма и конто** | **1** | **ЦЕЛ:** Целта на програмата е превземање на активности за одржување во функционална состојба на хоризонталната и вертикалната сообраќајна сигнализација, проектирање на сообраќајно техничка документација за утврдување или измена на режимот на сообраќајот, како и изведба на нова сообраќајна синализација заради безбедно и непречено одвивање на сообраќајот на подрачјето на Општина Крива Паланка | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **JD 482110** | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.1 Проектирање на сообраќајната сигнализација, односно изработка на соодветна** | **1.1.1** Изработка на нова сообраќајно техничка документација , како и измена и дополнување на постоечка сообраќајно техничка | Јануари – Декември 2025 | 19.000 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) кои ќе бидат опфатени со поголема безбедност во сообраќајот преку | Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај раководител: | **500.000, 00 ден** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **сообраќајно техничка документација за режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка,** | документација за утвдување на режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка. | | создавање на услови за поставување на соодветна сообраќајна сигнализација , односно изработка на сообрќајни проекти. | Граматиков Никола | |
| | | **1.1.2** Приоритет за проектирање ќе имаат оние локални патишта и улици за кои во моментот ќе се јави потреба од поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација | | | | |
| **Ј6426990** | **1.2 Поставување на нова сообраќајна сигнализација согласно одобрена сообраќајно техничка документација.** | **1.2.1** Поставување на нова хор. и вер.сигнализација согласно одобрена сообраќајно техничка документација за утврдување на режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка | Јануари – Декември 2025 | 19.000 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) кои ќе бидат опфатени со поголема безбедност на сообраќајот преку поставување на нова сообраќајна сигнализација | Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај раководител: Граматиков Никола | **1.000.000,00 ден** |
| **Ј6426990** | **1.3 Одржување на постоечката хоризонтална и вертикална сигнализација** | **1.3.1** Превземање на сите активности со кои постоечката хор. и вер. сигнализација за регулирање на сообраќајот континуирано ќе се одржува во исправна и функционална состојба | Јануари – Декември 2025 | 19.000 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) кои ќе бидат опфатени поголема безбедност на сообраќајот преку одржување на веќе поставената сообраќајна сигнализација | Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај раководител: Граматиков Никола | **1.500.000,00 ден** |

## VI. Завршна одредба

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Бр.09-6043/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06. 122024 год.** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска**